Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

ДО:______________________________________________

Архивски бр.10/2-2974/1
Дата: 25.04.2018
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."св. Кирил и Методиј" 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Сајт: www.mioa.gov.mk

**Предмет**: Покана за учество на Конференција „Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020"

Почитувани,

Ни претставува задоволство да ве поканиме да учествувате на конференцијата **„Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020" која ќе се одржи на 08 и 09-ти мај 2018 година во Клуб на органите на државната управа, Скопје.** Конференцијата е во организација на Министерството за информатичко општество и администрација со поддршка на проектот „Национален ресурсен центар за граѓански организации" финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Република Македонија е дел од глобалната инцијатива за Отворено владино партнерство (ОВП) која претставува меѓународна платформа во рамките на која Владите и граѓанските организации се залагаат за Влади кои се поотворени и поодговорни кон граѓаните. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива, Владата до сега има усвоено три акциски планови во 2012-та, 2014-та и во 2016-та година за соодветните двегодишни периоди. Од почетокот на оваа година Министерството за информатичко општество и администрација започна со подготовки за четвртиот Акциски план за ОВП за периодот 2018-2020 во чија што подготовка има намера да ги вклучи сите релевантни чинители.

Целта на конференцијата е да ја промовира иницијативата ОВП меѓу граѓанските организации (ГО) и подетално да ги информира за остварениот прогрес, да создаде

[redacted]

простор за дискусија меѓу ГО и владините институции за искуствата и предизвиците во спроведувањето на третиот акциски план и да им овозможи на ГО да дадат насоки и препораки за дизајнирањето на следниот акциски план за периодот 2018-2020. На Конференцијата ќе биде презентирано искуството за спроведување на ОВП во Соединетите Американски Држави како земја-иницијатор на оваа глобална иницијатива.

Во прилог на оваа покана, Ви го доставуваме дневниот ред на настанот.

Заинтересираните учесници треба да бидат претставници на граѓански организации кои работат во областите кои се релевантни за Отворено владино партнерство. За учество на конференцијата потребно е да го потврдите своето присуство со испраќање на пополнета пријава за учество (во прилог) на info@rcgo.mk најдоцна до 4 мај 2018 година.

Со почит,

**Дамјан Манчевски**
**Министер**

*Прилог: -Агенда на Конференцијата*
*-Пријава за учество*

*Подготвил: м-р Марина Шаф-Радеска*
*Контролирал: РО Гордана Ѓапиќ-Димитровска*
*Одобрил: ДС м-р Јахи Јахија*

Архивски бр.10/2-
Дата: ______________
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."св. Кирил и Методиј" 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Сајт: www.mioa.gov.mk

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Отворено Владино Партнерство Македонија

Македонски центар за меѓународна соработка
МЦМС>> 25 години

**Конференција „Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020“**

**8-9 мај 2018 година, Клуб на органите на државната управа, Скопје**

## *ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО*

| | |
|---|---|
| Име и презиме на учесникот | |
| Организација | |
| Град | |
| E-mail на организацијата | |
| Сектор на дејствување на организацијата | |

| |
|---|
| Ве молиме подолу да изберете во која работна група ќе учествувате на вториот ден од конференцијата: |

☐ **Транспарентсност, отчетност и пристапност**

☐ **Спречување на корупција и промовирање на доброто владеење**

☐ **Пристап до јавни услуги и добро управување на локално ниво**

*Пополнетите пријави да се испратат најдоцна до* ***04.05.2018*** *на:* *info@rcgo.mk*

Конференцијата е поддржана од проектот "Национален ресурсен центар за граѓански организации" кој што е финансиран од Европската Унија а го спроведува Македонски центар за меѓународна соработка